488

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
7. XII. 1965

**Разговор на изложба**

# Омер Калеши за своето сликарство

Во просториите на Домот на градежните работници во Скопје е отворена изложба на слики на Омер Калеши, од Истанбул, Турција. На изложбата се прикажани тринаесет експонати работени во масло, и — првиот впечаток е дека авторот се користи исклучиво со две бои: црвена и црна.

— Јас само црна и бела боја не употребувам за своите слики, — ни вели Калеши, во разговорот на изложбата. Тоа е само впечаток на црно. Со повеќе бои успевам да направам темно сина и густо зелена. Црвената боја ме интересира — онаа нијанса — боја на крвта.

Вториот впечаток од изложбата е: човекот, носечка и единствена тема на сите платна.

— Од природата ме интересира — човекот, онака: потполно сам, без никакви додатоци, придружни елементи, што би биле во негова близина или негов реквизит. Мислам, врз оваа тема треба уште многу да се работи. Јас го земам човекот, зашто го разбирам повеќе отколку што било друго од природата. Не се впуштам во сликање на непознатото.

И — најпосле третиот впечаток: човекот деформиран.

— Експресивноста, тој начин на гледање врз предметот ја налага и деформацијата на мотивот. Поради тоа сум имал непријатности на Академијата во Истанбул. Професорите од мене барале академско сликање. А ова не е тоа. Јас упорно стоев на своето: да го сликам човекот и да го сликам онака како што го гледам. За моја среќа бев разбран од помладите професори и асистенти. И дипломирав со одлична оценка. На изненадување на сите. Знаете, јас на Академијата дојдов со средно електро-стопанско училиште кое го завршив овде, во Скопје.

И не сме изненадени. Нашиот соговорник од Истанбул — скопјанец?

— Да, — вели. До 1956 година живеев во Скопје. Роден сум во село Србица, Кичевско. Потоа отидов со моите во Турција.

Се решаваме за банално прашање: Како се одредивте за ликовната уметност?

— Еден ден кога одев на работа, во 1955 година, во Скопје, поминав пред Даут-пашиниот амам. Всушност, тука ми минуваше патот за на работа. Пред оваа зграда имаше многу луѓе. Отидов да видам што е: внатре беше поместена изложба на Хенри Мур. Изложбата ми направи силен впечаток...

— Па, Мур е скулптор. А вие сте се одределе за сликарство.

— Да. Јас ги гледав сликите на скулптури од Мур. Потоа посетував секоја отворена изложба. Читав сè што ќе најдев за сликарството. Отпатував на извесно време во странство: Франција, Англија, Германија. Ги посетив сите галерии што можат да се посетат. Долго стоев пред изложените дела. Имав 24 години и веќе бев решен да студирам сликарство. Една година подоцна се отселивме во Турција. Уште една година работев во Анкара како електричар, за да имам време да го совладам турскиот јазик. Потоа се запишав на Академија.

Изложбата на Омер Калеши во Скопје ќе остане десет дни. Претходно беше прикажана во Белград. По Скопје, Калеши ќе излага во Париз. Ова му е трета самостојна изложба, по двете — во Анкара и Истанбул и по неколку изложби што ги имал со други уметници од Турција.

С. Сп.